РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 11-506/22
07.10 2022 год.
БОГДАНЦИ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18, 89/22 и 171/22 ), општина Богданци, на ден 10.2022 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ, **Генерален урбанистички план за град Богданци 2020-2030, Општина Богданци**, која се носи согласно Член 7 и член 10 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Богданци, www.bogdanci.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Генерален урбанистички план за град Богданци 2020-2030, Општина Богданци**, нема да има негативно влијание врз животната средина од причини што предходно е изработен Извештај за стратегиска оцена за влијанието врз животната средина за ГУП за град Богданци-Општина Богданци и за истиот е спроведената постапка за стратегиска оцена на животната средина и постапка учество на јавноста, на што Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава позитивно мислење.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.11-506/22
Датум: 07 .10.2022
Место: Богданци

**Градоначалник**
**Блаже Шапов**

Република Северна Македонија
Градоначалник
Богданци
Општина Богданци